Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Ин Домување Дooел,** за кастрење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на: 1 (едно) дрво (јасен) што се наоѓа **на ул. "Вера Јоциќ" бр.1Д – Скопје.**

2.Кастрењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.

3.Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Ин Домување Дooел, Бул. "Јане Сандански" бр.82 лок.37, поднесе барање** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/395** од **17.06.2024** година, за кастрење на дрвото, што се наоѓа **на ул. "Вера Јоциќ" бр.1Д – Скопје.** Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвото предмет на барањето потребно е да се искастри, бидејќи има широкоразгранета крошна која удира во балконите и прозорците од зградата.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/395/2**
**26.06.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено Pranuar | 28 06 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. org. | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 08 | -5 / 221 | | |